

Уни Банка АД Скопје има потреба од мотивирани кандидати за вработување на следната работна позиција:

## Самостоен Референт за контрола во Дирекција Мрежа на експозитури

*Биди и ти дел од нашиот тим...*

## Квалификации:

- Виско образование;
- Работно искуство на иста или слична позиција од минимум 2 години;
- Одлични комуникациски вештини и меѓучовечки односи;
- Способност за самостојно планирање, организирање и навремено исполнување на задачите;
- Висок личен интегритет и деловна култура;
- Одлично познавање на англиски јазик и
- Одлично познавање на MS Office (Exel,Word,Power Point).

## Работни активности:

- Се грижи за стручно, навремено и квалитетно извршување на поставените работни задачи;
- Разгледува и селектира методолошки прашања од експозитурите до Раководителот на Секторот и други дирекции во банката;
- Го информира својот претпоставен за сите активности и за други значајни проблеми од областа на работењето во Секторот;
- Редовно го надгледува тековното работење на експозитурите и учествува во решавање на проблеми од секојдневното работење;
- Ја координира и организира работата на благајниците во рамките на мрежата на експозитури и се грижи за обучување и стручно усовршување на благајниците во деловната мрежа;
- Ја следи законската регулатива поврзана со работата на благајните и готовината во мрежата на експозитури;
- Ги координира постапките за прием и исплата на готовина во благајните во рамки на експозитурите;
- Врши повремени контроли на состојбата на готовината и правилното работење на конкретна благајна;
- Учествува во определувањето и ревидирањето на благајничките максимуми и нивното почитување од страна на експозитурите;
- Изработува или учествува во изработка на интерни процедури, упатства и работни инструкции;
- Спроведува барања до останатите организациони делови на банката во врска со потребите на мрежата на експозитури и

Работното време е 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.

Доколку сте комуникативни, одговорни, самоиницијативни и тимски ориентирани со желба за работа во динамична средина насочени кон остварување резултати, придружете се и Вие кон успешниот тим на професионалци!

На нашите вработени им нудиме динамична работа со можност за професионален развој и усовршување, како и одлични услови за работа во средина со амбициозен и професионален тим.

Бенефиции:

- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Обуки за личен и професионален развој;
- Колективно осигурување од незгода, дополнително здравствено осигурување и

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат наведените услови, потребно е да испратат кратка биографија на македонски јазик на **jobs@unibank.com.mk**,**најдоцна до 22.01.2025 година.**

*Вашата апликација ќе се третира строго доверливо. Само кандидатите кои ги исполнуваат потребните квалификции и услови ќе бидат повикани на интервју. Процесот на селекција ќе биде финализиран во законски обврзаниот рок во зависност од бројот на апликанти. Со аплицирање за оваа работна позиција, се согласувате Банката да може да ги собира, обработува и чува вашите лични податоци за потребите на процесот на регрутација за цело време додека трае истиот, а по завршувањето на истиот податоците може да се чуваат во базата на податоци на Банката за регрутациски потреби согласно законсите прописи. Согласноста може да ја повлечете во секое време со доставување на барање за истото на следниот линк: zlp@unibank.com.mk